**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-378/2**
**01.03.2018 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Шестата седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 01.03.2018 година (четврток), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 16.00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Кристи Стојковски
13. Дијана Јосифовски
14. Билјана Ѓеоргиевска

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 6-тата седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**Дневен ред**

**1.**Одлука за согласност на Одлуката за заложување на недвижен имот сопственост на ЈПКД „ Брегалница"-Делчево како гаранција за исполнување на обврска на даночен долг број 0202-107/7 од 27.02.2018 година, донесена од Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница".

**Образлагач**: Розета Цонева-ВД Директор на ЈПКД „Брегалница" и Марија Сумрачка одговорен сметководител.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Процедурално за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека со свикувањето на оваа вонредна седница со 1 точка на дневнен ред се прекршени Деловникот, Статутот и Законот за локална самоуправа бидејќи не е испочитуван рокот за доставување на материјалите од 7 дена.

Претседателот на Советот рече дека оваа седница не е вонредна, редовна е, само што е од итен карактер и материјалите се доставени 1 ден пред одржувањето на седницата. Седницата е свикана на барање на градоначалникот кое до мене е доставено на 28.02.2018 година. Управниот оббор на ЈПКД „Брегалница" ја донел Одлуката за заложување на недвижен имот сопственост на ЈПКД „ Брегалница"-Делчево како гаранција за исполнување на обврска на даночен долг број 0202-107/7 на 27.02.2018 година и поради сето тоа седницата е свикана и материјалот е доставен еден ден пред нејзиното одрежување. Сметам дека тоа не е никаков проблем бидејќи е само 1 точка и реално постојат оправдани причини

за свикувањето на оваа седница, кое нешто ќе ви биде објаснето и од директорката на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

Сашко Ивановски го праша претседателот дали со тоа не е прекршен Деловникот и дали донесената одлука ќе согласно Деловникот и дали ќе биде полноважна?

Претседателот на Советот рече дека постојат оправдани причини зошто рокот за доставување на материјалите од 7 дена не е испочитуван и тоа нема врска со тоа дали донесената одлука ќе биде полноважна/законска или не.Доколку вие како советничка група сметате дека не е законска можете да ја оспорите пред Управен суд. Оваа Одлука е во интерес на граѓаните, а ние ако советници сме избрани да ги застапуваме и да работиме во интерес на граѓаните.

Славица Димитрова праша дали ова е итна седница?

Претседателот на Советот рече дека во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот не постои итна седница, туку редовна и вонредна. Вонредна не е бидејќи вонредна се свикува со специфични случаи (поплави, елементарни непогоди и др.), кажав дека седницата е редовна.

За збор се јави и Градоначалникот на општина Делчево кој рече дека свикувањето на оваа седница има итен карактер и затоа и тој како градоначалник до претседателот доставил барање за свикување на истата. Причините се тоа што ЈПКД „Брегалница" заради неизмирени обврски на долг може да биде блокирано од страна на УЈП, а со тоа да биде блокирана и работата на Општината. Директорката на ЈПКД „Брегалница" ме запозна со целиот проблем на ЈПКД и јас како Градоначалник морав да направам се што е во рамките на моите можности и законски надлежности за да не дојде до блокада на јавното претпријатие. Подетално за проблемот со долгот и блокадата ќе ве извести таа во своето обралзожение. Доставувањето на материјалите за седница (само 1 точка) не е голем законски прекршок, најважно е и јас како градоначалник и вие како советници да помогнеме со цел да не се блокира работата на јавното претпријатие.

Претседателот на Советот рече дека Советот денеска дава согласност на веќе донесена одлука од страна на Управниот одбор, одлуката е повеќе од технички карактер, но му е потребна на ЈПКД „Брегалница" пред Управа за јавни приходи.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

Образложение по Одлука за согласност на Одлуката за заложување на недвижен имот сопственост на ЈПКД „ Брегалница"-Делчево како гаранција за исполнување на обврска на даночен долг број 0202-107/7 од 27.02.2018 година даде ВД директорот на ЈПКД „Брегалница"-Делчево, Розета Цонева која истакна дека на 14.02.2018 година ЈПКД „Брегалница"-Делчево доставило барање до УЈП за одложено плаќање на долгот на ЈПКД со повеќе документи во прилог (имотен лист, процена од проценител не постар од 1 година). Управата за јавни приходи одговорила дека дополнително треба да се достави одлука за заложување на недвижниот имот од Управен одбор,како и Одлука од Советот на Општината за согласност на одлуката на Управниот одбор.Одлуката од Советот на Општина Делчево ние потребна за избегнување на блокадата на ЈПКД „Брегалница" и нејзината работа. Инаку, проблемот со долгот спрема УЈП датира од 2009 година кога со контрола на работењето на ЈПКД „Брегалница" се констатирано неправилности во работењето коис е однесуваат на неправилно пресметуван данок на додадена вредност 1.630.460, данок на добивка 3.796.223, персонален данок на доход 9.579,00 и камата од 2.143.270 до 31.12.2017 година. На 19.02.2010 година, УЈП донела решение за отплата на долгот на 120 месечни рати и отпис на каматата, со грејс период од 3 години. Поради тоа што не биле платени 2 последователни рати, на 06.11.2013 година укинато е тоа решение. Од страна на УЈП била побарана банкарска гаранција од јавното претпријатие но бидејќи претпријатието нема таков

коефициент на ликвидност, не сме во можност да доставиме банкарска гаранција. Другото решение за надминување на проблемот е донесувањето на ваква одлука која Управниот одбор ја донесе на 27.02.2018 година, но УЈП бара исто така и согласност од Советот на Општината.

Марија Сумрачка исто така појасни дека заради нискиот коефициент на ликвидност ЈПКД не е во можност да достави банкарска гаранција и затоа се бара решение за надминување на проблемот со носење на Одлука за заложување на недвижен имот сопственост на ЈПКД „ Брегалница"-Делчево како гаранција за исполнување на обврска на даночен долг број 0202-107/7. Доколку Советот ја донесе одлуката за согласност на одлуката на Управниот одбор, јавното претпријатие има средства и ќе може да го плати долгот без да има некакви проблеми во работењето.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која ја праша директорката дали се исцрпени сите можности за надминување на проблемот и дали мора да се стави имотот под залог/хипотека и дали Градоначалникот и директорката на ЈПКД разговарале со раководителот/директорот на Управата за јавни приходи?

Р.Цонева истакна дека ова решение е најповолна варијанта за ЈПКД „Брегалница", инаку секако дека Градоначалникот и таа биле 2-3 пати на разговор со директорката на УЈП.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека е остварена средба со директорката и други претставници во УЈП со цела да се најде најсоодветно решение за надминување на проблемот. Денес е најважно да се реши ова прашање и да не блокира јавното претпријатие, без да навлегувам во тоа кога настанал овој проблем, кој и зошто не ги плаќал ратите кога имало многу поволно Решение од УЈП. Ваше е дали ќе ја поддржите оваа одлука или не, но јас како Градоначалник морам да истакнам дека заеднички треба да ги решаваме проблемите бидејќи затоа сме избрани од граѓаните. ЈПКД „Брегалница" има средства да го плати целиот долг веднаш, но сепак поповолно е на рати, истакна тој.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали се знае на колу рати ќе се отплаќа долгот?

Марија Сумрачка рече дека е можно да биде на 36 рати, а може и помалку, но како и да е фирмата е ликвидна и ќе може да го сервисира овој долг без потешкотии во работењето.

Драган Маневски истакна дека проблемот е од 2009/2010 година, но заради нечие несовесно работење не се платени 2 последователни рати и УЈП го укинува претходно донесеното решение кое било многу поволно и сега се јавува проблем, т.е сегашното раководство мора да го решава проблемот на некое претходно раководство. Блокорањето на ЈПКД од страна на УЈП не иде во прилог на никој, ниту на нас како избрани од граѓаните, ниту на ЈПКД, ниту на граѓаните. Затоа сметам дека треба дасе донесе оваа одлука, истакна тој.

Кирил Тренчевски рече дека ако се погледне хронолошки ќе се види дека проблемот е од 2009/2010 година. Констатирано е неправилно пресметување на даноци и се јавува долг кон УЈП, УЈП донесува многу поволно Решение за отплата на долгот на рати и отпис на каматата, но заради нечие несовесно работење не се платени 2 последователни рати, така што е укинато тоа поволно решение. Сега актуелната директорка, Градоначалникот и ние како советници мора да го решаваме проблемот којшто го предизвикал некој друг.

Сашко Ивановски рече дека К.Тренчевски истакнал дека проблемот е од 2009 година, ме интересира кој бил тогаш директор, кои биле членови на Управен и Надзорен одбор и кога е правена надворешната контрола кои години се контролирани и дали се правени други контроли?

Марија Сумрачка рече дека контролирани се 2006,2007, 2008 и 2009 до 2 месец. Кој бил во Управен и во Надзорен одбор, не можам да ви кажам. Друга контрола е правена во периодот 2010-2014.

К.Тренчевски рече дека долгот е од 2009, но раководството од 2013 година па наваму не го плаќал долгот со што Јавното претпријатие и неговата работа се доведени во прашање.

Да имаш можност да враќаш долг на 120 рати, со отпишана камата и месечна рата 45.000 е неразумно. Да се плаќале ратите навреме сегашниот долг нема да биде 4 милиони, истакна тој.

Претседателот на Советот апелираше до сите да нема препукувања кој е виновен, кој не е. Кој го направил проблемот сега не е важно, ние сме тие кои треба да го решиме.

Дејан Георгиевски праша кој ја нарачал контролата во 2009 и дали во контролата од 2010-2014 година се сметководтвени грешки или грешки во работењето на ЈПКД?

М.Сумрачка рече дека станува збор за неправилно евидентирање на одделни видови даноци.

Билјана Ѓеоргиевка рече дека сите се за решавање на пробелмот, а не да судат кој е виновен, кој не. Со тоа што поставуваме прашања сакаме да ги разјасниме работите и да најдеме решение на проблемот кое ќе бида најдобро за сите, рече таа.

Сашко Ивановски рече дека претседателот на Советот си зема за право постојано да се јавува за збор да дава разни квалификации и тоа не е во ред.Тој ја праша директорката дали сето тоа нема да се одрази негативно на граѓаните, т.е. Дали нема да има покачување на услугите на ЈПКД „Брегалница"?

Директорката рече дека нема да има покачување на цените и на услугите на ЈПКД „Брегалница".

Претседателот на советот рече дека тој е претседател на Советот и дека тој ја води седницата. Истоа така, како што сите советници имаат право на збор, така и тој има право да се јавува за збор и дека досега не направил никаков пропуст во водењето на седницата. Не сум навредил никој и немам намера, истакна тој.

Влатко Величковски се јави за збор и рече дека веќе дискусијата по оваа точка е исцрпена и нема потреба од политички надмудрувања-кој е крив, кој не. Тој се обрати на С.Ивановски и рече дека за било која работа не треба да има двојни аршини (на минатата седница рекол дека Советот не е суд за да бара одговорност за тоа што некој не работел совесно и одговорно кога се отпишувал долг по разни основи), а сега бара одговорност за раководството на ЈПКД „Брегалница" од 2009). Тоа не е во ред. Одговорност треба да има, но секогаш и за секој.

Сашко Ивановски рече дека минатиот пат се барала одговорност од државни службеници за кои одговара Градоначалникот. Во овој случај станува збор за јавно претпријатие и директор на ЈП и тука има одговорност и Советот на Општината и Градоначалникот.

Претседателот на Советот предложи измена во член 2 на одлуката, т.е истата да стапи во сила со денот на објавувањето, а не 8 ден од објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправа по оваа точка беше затворена и ставена на гласање со измената.

Со 9 гласа „ЗА" и 5 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за согласност на Одлуката за заложување на недвижен имот сопственост на ЈПКД „ Брегалница"-Делчево како гаранција за исполнување на обврска на даночен долг број 0202-107/7 од 27.02.2018 година, донесена од Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница".

**Записникот го водела**

**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател,**